Врз основа на Договорот за соработка помеѓу Агенцијата за вработување на РСМ (АВРСМ), Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП) и општина Битола, Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2019 година усвоен од Владата на Република Северна Македонија, Програмата Општинско – корисна работа финансирана од Швајцарската агенција за развој и за соработка, на ден **21.08.2019** година се објавува:

**Ј А В Е Н   П О В И К**
**до**
**евидентирани невработени лица за вклучување во Програмата Општинско - корисна работа за проект „Со поддршка до успех"**

Се повикуваат сите евидентираните невработени лица кои се заинтересирани да се вклучат во програмата Општинско-корисна работа, проект " Со поддршка до успех" за работно ангажирање од 20 (дваесет) часа неделно за период од **6 (шест) месеци** заради стекнување на вештини и постепено вклучување на пазарот на труд, да се пријават во Агенција за вработување- Центар за вработување Битола.

Евидентираните невработени лица кои ќе бидат вклучени во Програмата „Општинско-корисна работа" ќе бидат работно ангажирани за 20 (дваесет) работни часови неделно.
За периодот додека лицата се работно ангажирани преку програмата „Општинско-корисна работа" истите не го губат статусот на невработено лице и истите се должни редовно да се јавуваат во Агенција за вработување- Центар за вработување Битола со цел почитување на обврските согласно Закон. На невработените лица-корисници на социјална помош за времетраење на работниот ангажман ќе им биде активно правото на користење на социјална помош.

Право на учество во Програмата „Општинско-корисна работа" имаат сите невработени лица, при што предност ќе имаат лицата кои за прв пат се јавуваат за учество во Програмата.

На кандидатите кои ќе бидат избрани и вклучени во Програмата Општинско-корисна работа ќе им биде исплатен паричен надоместок за работно ангажирање во висина од **9.000,00 денари месечно**, со вклучени данок на

личен доход и осигурување за инвалидност и телесно оштетување причинето со повреда на работа и професионална болест.

Евидентираните невработени лица кои ќе се пријават за учество во Програмата Општинско-корисна работа треба да припаѓаат на една од следните целни групи невработени лица:

- **Роми корисници на Гарантирана Минимална Помош**
- **Лица со попреченост**

Работните позиции кои се опфатени со овој оглас се однесуваат на ангажирање на :

- **5 Асистенти едукатори во центарот Сумнал**
- **3 Едукатори во Регионалниот ресурсен центар за слепи лица и лица за оштетен вид за општините Битола, Ресен, Демир Хисар, Новаци и Могила-Битола**

Заинтресираните невработени лица Пријави за учество во Програмата „Општинско-корисна работа“ можат да поднесат во Агенција за вработување- Центар за вработување Битола во периодот **од 21.08.2019 година до 30.08.2019 година, од 08:00 до 14:00 часот.**

Поконкретните услови, права и обврски ќе бидат уредени со склучување на Договор помеѓу општина Битола и избраните кандидати.

Детални информации за Програмата „Општинско-корисна работа“ можат да се добијат во општина Битола кај лицето м-р Виолета Налевска, Општински координатор за Програмата „Општинско-корисна работа“, Агенција за вработување- Центар за вработување Битола кај лицето Вера Средовска, Центар за социјлна работа Битола кај лицето Тони Дранговски.

Бр.08-502/3
20.08.2019

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА БИТОЛА
м-р Наташа Петровска

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * ОПШТИНА БИТОЛА *